# КАПАДОКИЈА – ВЕЛИГДЕНСКО ПАТУВАЊЕ





**ПРВ ДЕН: 04.04.2018 (СРЕДА)**
Состанок на групата во 11:00 часот на Дрводекор (во близина на Холидеј Ин), а тргнување во 11:30 кон Кападокија, Турција. Транспорт преку Република Грција со попатни паузи. Подолга попатна пауза на второ по големина солено езеро во Турција- Туз Ѓоли. Транспортот до Кападокија е предвиден да трае околу 22 часа, со попатни паузи, царински формалности.

**ВТОР ДЕН: 05.04.2018 (ЧЕТВРТОК)**
Пристигнувањево Кападокија- област која е позната по своите рељефни форми од пред десет илјада години по истовременото избувнување на два вулкана (Ерчисе и Хасанда). Ова област е спомената уште во Библијата. Раните христијани се населиле во областа за слободно да ја проповедаат својата религија. Под дејство на водата и воздухот се создале тие чудни форми- чуда на природата.
По самото пристигнување групата се сместува во хотел со четири ѕвезди во кој има вклучено појадок и вечера. По краткиот одмор групата се упатува на панорамски разглед на Кападокија се до самото зајдисонце на црвената долина каде може да се доживее еда од најубавите глетки. По зајдисонцето групата се враќа во хотел каде што следува вечертата.

**ТРЕТ ДЕН: 06.04.2018 (ПЕТОК)**
Утрото ни започнува со појадок. Третиот ден е можеби и најдобриот ден за сите коишто се вљубени во добрата фотографија. Утрото го започнуваме со летање со балон на топол воздух над Кападокија каде може да ја доживеете ова област во едно поразлично светло. Класичната обиколка на оваа туристичка атракција во Централна Анатолија од балон на топол воздух го вклучува разгледувањето на местото Гореме од воздух кое целосно е сместено помеѓу карпи, а во кое и денеска живеат голем број жители. Истиот ден е и посета на подземниот град Кајмакл, долината на галебите, шеќерната фабрика, посета на музеј на отворено- Ѓореме во Кападокија, фабрика за оникс и скапоцени камења, глинена- порксалан фабрика, посета на долината на генералите „Пашабалар“ (карпестите кукли), посета на регионот Дервент, а по завршувањето на овие посети групата се враќа во хотелот по што следува вечертата. Во 20:00 часот се поаѓа на традиционална турска ноќ со целосна програма од традиоционални играорци кои ќе изведуваат традиционални танци. Присутните ќе имаат на достапност алкохол и мезе.

АПЕКС ФОР ДООЕЛ Скопје
Ул. 11 Октомври бр. 17, 1000 Скопје, Македонија
Тел/факс: ++ 389 2 246 50 58 м: ++ 389 75 46 99 58; ++389 76 49 09 74
apexfour@gmail.com www.apex4travel.mk
Лиценца А

**ЧЕТВРТ ДЕН: 07.04.2018 (САБОТА)**
Појадок. Одјавување од хотел и поаѓање кон Анкара. По самото пристигнување во Анкара групата се сместува во хотел со четири ѕвезди по што се упатува на панорамски разглед на градот и посета на старата тврдина во Анкара. Во Анкара исто така се посетува и музејот на анатолиските цивилизации, музејот на Ататурк како и панорамски разглед на белата палата на Ердоган. По завршување на овие посети групата се враќа во хотел по што следува вечера.

**ПЕТТИ ДЕН: 08.04.2018 (НЕДЕЛА)**
Појадок. Одјавување од хотел и упатување кон Истанбул. По самото пристигнување во Истанбул, групата се сместува во хотел со три ѕвезди во населба Аксарај (Стариот дел на Истанбул). Слободно време за одмор, а пред вечерните часови групата се упатува на ноќен разглед на градот. Овде се посетува облакодерот Сафир од каде може да се набљудува цел град, а исто така се посетува и плоштадот Таксим.

**ШЕСТИ ДЕН: 09.04.2018 (ПОНЕДЕЛНИК)**
Појадок. Одјава од хотелот и поаѓање кон пристаништето на Босфор кадешто следи 90 минутно крстарење, а по крстарењето се посетува Долмабахче. По завршувањето на посетата на Долмабахче, групата заминува кон Скопје. Воедно пред напуштање на Истанбул, се прави подолга пауза во трговскиот центар „Форум“ каде патниците имаат можност да го посетат аквариумот „Туркуазу“ и да го искористат слободното време за шопинг.

**СЕДМИ ДЕН: 10.04.2018 (ВТОРНИК)**
Пристигнување во Скопје во раните утрински часови.

# ЦЕНА: 245 ЕВРА/15190 денари

**ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ ВКЛУЧУВА:**

– Две ноќевања во хотел со четири (4*) ѕвезди во Кападокија со вклучен доручек и вечера;

– Едно ноќевање во хотел со четири (4*) во Анкара со појадок и вечера;

– Едно ноќевање во хотел со три (3*) во Истанбул со појадок;

– Пратител за време на патувањето;

– Лиценциран водич од Турција за време на патувањето;

– Панорански разглед на Истанбул со посета на Чамлица;

– Посета на трговски центар „Форум“ во Истанбул;

– Посета на второто по големина солено езеро во Турција.

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:**
– Патничко осигурување;
– Сите факултативни прошетки (екскурзии, влезници, летање со балон на топол воздух и турска вечер);
– Индивидуални трошоци.

АПЕКС ФОР ДООЕЛ Скопје
Ул. 11 Октомври бр. 17, 1000 Скопје, Македонија
Тел/факс: ++ 389 2 246 50 58 м: ++ 389 75 46 99 58; ++389 76 49 09 74
apexfour@gmail.com www.apex4travel.mk
Лиценца А

**ЦЕНИ НА ФАКУЛТАТИВНИ ПРОШЕТКИ:**

- **ВТОР ДЕН: КАПАДОКИЈА (ЧЕТВРТОК)**
- Панорамски разглед на Кападокија;
- Дочек на зајдисонце во црвената долина
- **ЦЕНА НА ОВОЈ ПАКЕТ ИЗНЕСУВА: 15 ЕВРА**
- **ТРЕТ ДЕН: КАПАДОНИЈА (ПЕТОК)**
- Утринско летање со балон на топол воздух не е вклучен во пакетот со останатиот дел од денот. Цената за летање со балонот се дефинира на самото место, а се движи од **120 до 150 евра по лице**.

- ПАКЕТ ПОСЕТА НА:
- 1. Посета на подземиот град „Кајмакл“
- 2. Долината на галабите
- 3. Шеќерната фабрика
- 4. Посета на музејот на отворено „Ѓореме“ (скалестите манастири)
- 5. Посета на фабриката на оникс и скапоцените камења
- 6. Посета на глинестото ателје
- 7. Башабалар- Долина на генералите (глинестите скулптури)
- 8. Посета на регионот Дервент
- **ЦЕНА НА ОВОЈ ПАКЕТ ИЗНЕСУВА: 40 ЕВРА**

- Традиционална турска вечер во Кападокија со неограничени алкохолни пијалоци (Турска ракија, вина, пиво, безалкохолни пијакоци), плодови и апетисани. Изведба на традиционални турски танци.
- **ЦЕНА НА ОВА ВЕЧЕРА ИЗНЕСУВА: 25 ЕВРА**

- **ЧЕТВРТИ ДЕН: АНКАРА (САБОТА)**
- Панорамски разглед на Анкара
- Посета на тврдината на Анкара
- Посета на музејот на Анатолиските цивилизации
- Посета на музејот на Ататурк
- Панорамски разглед на „Белата палата на Ердоган“
- **ЦЕНА НА ОВОЈ ПАКЕТ ИЗНЕСУВА: 25 ЕВРА**

- **ПЕТТИ ДЕН: ИСТАНБУЛ (НЕДЕЛА)**
- Бесплатен панорамски разглед на градот со посета на Чамлиџа
- Ноќен истанбул: Посета на плоштадот Таксим и 4D проекција во облакодерот Сафир:
- **ЦЕНА 25 ЕВРА**

- **ШЕСТИ ДЕН: ИСТАНБУЛ: (ПОНЕДЕЛНИК)**
- Крстарење по Босфор со лиценциран водич: **20 евра**
- Посета на Долмабахче: **20 евра**

– Важат општите услови за патување на ТА АПЕКС ФОР

АПЕКС ФОР ДООЕЛ Скопје
Ул. 11 Октомври бр. 17, 1000 Скопје, Македонија
Тел/факс: ++ 389 2 246 50 58 м: ++ 389 75 46 99 58; ++389 76 49 09 74
apexfour@gmail.com www.apex4travel.mk
Лиценца А